**20202643436**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 ноември 2020 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 26/20, 89/20, 112/20 и 153/20) во делот XX по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Дел од средствата од став (2) од овој дел во вкупен износ од 300.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.1 Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија и потточка 1.2 Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи вон Република Северна Македонија од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години“.

Ставовите (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) стануваат ставови (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12).

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-10262/1
3 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.